Бр./Nr 12-927/2
15-07-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена со број 12-927/1 од 28.02.2025 година, со наводи против ЈП ----, застапувано од ---- во својство на директор, поради изведени работи на заштитено добро - „---- “, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-927/1 од 28.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, на 28.02.2025 година, поднесено е Известување со прилог Записник и Решение ИП1 бр. ----од ---- година, против ЈП „---- “, поради изведени работи на заштитено добро - „---- “ и оформен е предмет број 12-927/1 од 28.02.2025 година.

Во пријавата наведевено е дека од извршениот инспекциски надзор од страна на Управата за заштита на културното наследство било констатирано дека се поставени канделабри за осветлување со грб на градот на локација која е во опфат на споменичната целина „---- “, а за кои, од страна на Управата не било издадено одобрение за вака изведените работи. За утврдените состојби било

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

констатирано дека ЈП „---- “ застапувано од ----во својство на директор, сторил прекршок со постапување спротивно на член 80 од Законот за инспекциски надзор.

Со цел да се надминат констатираните неправилности, штетните последици и понатамошното штетно изведување на работите инспекторатот изрекол опомена на субјектот да преземе мерки, дејствија и активности во насока на отстранување на констатираниот прекршок на Записник ИП1 бр. ----од ---- година, односно да ги отстрани канделабрите за осветлување со табли со грбот на општина ----на ул. „---- “, кои биле поставени во дел од заштитениот споменик на културата – „----“ и работите да ги изведува согласно пропишаната законска регулатива.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана законската регулатива, при што беше утврдено:
Согласно член 79 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025):

*(1) Инспекторот има право да врши инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор, во секое време и на лице место, во деловните простории, инсталациите и други објекти што не се користат како живеалиште, како и над средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од соодветен орган на државната управа, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат.*
*(2) Инспекторот при вршењето инспекциски надзор, има право:*
*1) на пристап онаму каде што смета дека е неопходно и во секое време, во простори и деловни простории, локации и транспортни средства и право непречено да ја разгледува целокупната потребна документација на субјектот на инспекцискиот надзор;*
*2) на пристап во технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или активностите на субјектот на инспекцискиот надзор;*
*3) да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочна или кривична постапка;*

*4) да изврши увид во документ за идентификација на лицата овластени од субјектот на инспекциски надзор, други вработени или работно ангажирани лица во субјектот на инспекциски надзор, како и физички лица кои се затекнати на местото на инспекцискиот надзор;*
*5) да го фотографира и снима просторот во кој се врши инспекцискиот надзор, како и предмети кои се предмет на инспекциски надзор;*
*6) да му изрече на субјектот на инспекциски надзор опомена или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, согласно со овој или друг закон;*
*7) да го надгледува спроведувањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците, во рокот што го определил;*
*8) да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка против субјектот на инспекциски надзор, до надлежен орган, кој пак е должен, за својата одлука да го извести инспекторот.*
*(3) Инспекторот има право и обврска да го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.*
*(4) Во случај кога при вршењето на инспекциски надзор, инспекторот ќе утврди прекршување на закон или друг пропис или акт кој е во надлежност на друга инспекциска служба, самиот ја утврдува фактичката состојба и изготвува извештај за неговите наоди кој го доставува до надлежната инспекциска служба.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се однесуваат на надлежност на ДКСК утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што Записникот ИП1 бр. ---- од ----година, кој е доставен во прилог, содржи информација за преземени мерки од страна на инспекторот, односно е изречена опомена, дадени се насоки дека ЈП „---- " треба да пристапи кон надминување на констатираните неправилности како и дека непостапувањето по истите е казниво согласно пропишаното во член 174 став (1) точка 7, став (2) и став (5) од Законот за заштита на културното наследство, а кои одредби упатуваат на изрекување на прекршок на одговорното лице и изрекување на глоба.

Па оттаму ДКСК одлучи дека нема законска надлежност за постапување во овој случај, од причина што надлежниот орган постапил, изрекол опомена, по кое

дејствие доколку не бидат отстранети констатираните неправилности треба да постапи согласно член 79 став (8) од Закон за инспекциски надзор.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk